**ЗАПИСНИК**
***од Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија***
*(12-та седница на Националниот совет за евроинтеграции и 26-та седница на Комисија за европски прашања)*
*одржана на 16 октомври 2012 година,*
*сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија*

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања започна во 11.17 часот.

На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, претставници на амбасадите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија и претставници на невладини организации.

Заедничката седница ја отвори и со неа претседаваше г. Арбен Љабеништа, заменик претседател на Комисијата за европски прашања.

На заедничката седница на Советот и Комисијата за европски прашања присуствуваа: Н.Е. г.Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. г. Кристофер Ивон амбасадор на Обединетото Кралство во Република Македонија, Н.Е. г. Гудрун Штајнекер амбасадор на Република Германија во Република Македонија, г.Роберт Лидл раководител на Оддел за политички прашања, правда и внатрешни работи во Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, г-ѓа Вања Андреева, амбасада на Република Бугарија во Република Македонија и г-ѓа Марина Курте, советник за европска интеграција и правни прашања во Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања и член на Советот, г.Арбен Љабеништа заменик член на Советот, г.Александар Спасеновски, г.Талат Џафери, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г.Тито Петковски, г.Гордан Георгиев пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г.Александар Николовски, г-ѓа Ермира Мехмети, г. Димитар Стевананџија, г.Миле Пачемски и г.Сафет Бишевац, г.Зијадин Села пратеници и заменици-членови на Советот, г.Димитар Мирчев од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г.Насер Селмани, претседател на Здружението на новинари на Македонија, г. Дојчин Цветановски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, г-ѓа Илина Нешиќ од Граѓанска платформа на Македонија, г.Томе Колев од Католичката црква и г.Трајче Минов од Евангелско-Методистичка црква во Македонија

Од Комисијата за европски прашања на седницата присуствуваа: г.Арбен Љабеништа заменик претседател на Комисијата, г-ѓа Силвана Бонева, г.Павле Трајанов, г-ѓа Владанка Авировиќ, г.Јани Макрадули, г.Миле Пачемски, г.Гордан Георгиев, г.Ивон Величковски, г.Неџат Јакупи, г.Зиадин Села и г-ѓа Маринела Тушева пратеници и членови на Комисијата, г. Ѓорѓи Коџобашиев, г.Тони Трајковски, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Михаило Џолонга, г. Талат Џафери, г-ѓа Цветанка Иванова, г-ѓа Станка Анастасова, г.Сафет Бишевац пратеници и заменици-членови на Комисијата.

На седницата присуствуваа пратеници членови и заменици-членови на Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ: г.Јордан Пачков, г-ѓа Дешира Имери, г. Беким Фазлиу, г.Оливер Спасовски, г.Панче Орцев, г-ѓа Билјана Казанџиска и г.Самка Ибраимовски.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Сузана Салиу потпретседател на Собранието на Република Македонија и пратениците: г.Дарко Димитриески, г. Диме Маџовски, г-ѓа Весна Бендевска, г-ѓа Светлана Мазгалоска Вучетиќ, г.Борче Ставров, г-ѓа Хајрије Мисими, г-ѓа Дивна Јовковска Ефтимовска, г-ѓа Вјолца Мехмети Нуредини, г.Бехиџудин Шехаби, г. Изет Зекири, г-ѓа Фламуре Демири Креци, г.Голупчо Ангелов, г.Орхан Ибраими, г-ѓа Садије Иљази.

На седницата присуствуваа г-ѓа Малинка Ристевска Јорданова директор на Институтот за европска политика и г-ѓа Лидија Димова од извршен директор на Македонски центар за европско образование.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

- **Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година.**

На почетокот на заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања свое обраќање имаше Н.Е. г.Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. На 10 октомври годинава Европската комисија го објави Извештајот за напредокот на Република Македонија заедно со Стратегијата за проширување и главните предизивици 2012-2013 година. Главниот фокус во изминатата година бил на владеењето на правото, реформите во судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал и слободата на медиумите. На второ место во фокусот било помирувањето, регионалната соработка и добрососедските односи, а третиот фокус бил на економските предизвици со оглед на економските проблеми во ЕУ во моментот.

Извештајот на ЕК за 2012 година е навистина извештај за напредок на земјата, за што придонес има воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво во чии рамки еврокомесарот за проширување г.Штефан Филе годинава три пати оствари посета на Република Македонија. Со Пристапниот дијалогот на високо ниво се покажа голема посветеност на Владата на Република Македонија да продолжи со процесот на реформите.

Беше постигнат напредок во реформите и тоа беше забележано од страна на Европската комисија. Во Извештајот нотиран е напредок, но има и понатамошни предизвици со кои Република Македонија треба да се соочи во однос на натамошната имплементација на потребните реформи.

Како резултат на нотираниот напредок во повеќето поглавја, Европската комисија и оваа година даде препораката за почеток на пристапните преговори, што претставува четврта препорака по ред, како признание за постигнувањата на земјата во изминатата година и за нејзината подготвеност да премине во следната фаза од пристапниот процес. Европската комисија предложи да започнат пристапните преговори и паралелно да продолжат преговорите за спорот со името кој треба да се реши што е можно побрзо. Во однос на препораката на ЕК, истата ќе биде предадена на земјите-членки на Унијата и останува да се донесе одлука на седницата на Советот што треба да се одржи во декември годинава.

Во расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година учествуваа: г-ѓа Теута Арифи заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за евроинтеграции, пратениците: г.Александар Спасеновски, г.Јани Макрадули, г-ѓа Ермира Мехмети, г.Зијадин Села; г.Тито Петковски, г.Павле Трајанов, г.Изет Зеќири, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Мерал Узеири Ферати и г.Самка Ибраимовски, г.Димитар Мирчев советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и член на Националниот совет, г.Насер Селмани претседател на Здружението на новинари на Република Македонија и член на Националниот совет, г.Антони Пешев претставник на Стопанската комора на Република Македонија и претставник на Советот, г-ѓа Малинка Ристевска Јорданова директор на Институтот за европска политика и г-ѓа Лидија Димова извршен директор на Македонскиот центар за европско образование.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања **г-ѓа Теута Арифи** истакна дека Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година е најпозитивниот извештај досега, истиот е реален одраз на степенот на остварување на реформите и на посветеноста на институциите, невладините организации и целокупното општество во однос на евроинтеграциите. Во Извештајот нотирани се реформите во многу важни области и дадени се насоки како да се продолжи во иднина. Во однос на политичките критериуми од Извештајот, како позитивен се смета моментот на политичкиот дијалог, се поздравува улогата на Владата во насока на поставување на европската агенда во фокусот на политичката агенда и особено ефективната координација на ПДВН.

Во Извештајот нотиран е напредок и спремноста за нови реформи во јавната администрација, за реформирање на законската рамка за јавната и државната администрација која се подготвува во соработка со меѓународни агенции со искуство во областа. Во областа на правосудството, г-ѓа Арифи посочи дека е нотиран е напредокот во однос на ефикасноста, особено во однос на намалување на заостанати предмети во Управниот суд, и овој процесот треба да продолжи и во иднина. Во делот на почитувањето на човековите, граѓанските и политичките права, истакна дека е забележано дека се почитувани во голема мера, нотиран е продлабочениот дијалог меѓу Владата и Здружението на новинарите во врска со декриминализацијата на клеветата и новиот закон за граѓанска одговорност на навреда и клевета.

Во однос на културните права и односите меѓу етничките заедници, обврските и предизивиците кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, остануваат како едни од

клучните елементи за демократијата и владеење на правото. Позитивно е оценет извештајот за реализација на Охридскиот рамковен договор, се цени дека треба да се продолжи со работа во втората фаза од извештајот. Во областа на регионалната соработка се потенцира аспектот на градење на добри меѓусоседски односи, и како држава треба да продолжиме со овој процес имајќи го предвид фактот дека вредностите на ЕУ се позитивен пример.

Во делот на економските критериуми има напредок, но има и препораки каде се бара поголем напредок. Како обврска што произлегува од препораките на Извештајот за 2012 година е и зајакнување на државните капацитети за искористување на средствата од ИПА фондовите. Процесот на правните и економските реформи треба да продолжи и во оваа насока ќе се подготви втор дел од Патоказот на ПДВН, со кој ќе се адресираат сите прашања како од аспект на реформите така и од аспект на обврските.

Членот на НСЕИ и на МПК РМ-ЕУ, **г.Александар Спасеновски** го поздрави Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, и истиот го оцени како најпозитивен извештај досега. Извештајот претставува реален одраз за степенот на спроведување на реформите и на посветеноста на целокупното општество, сите институции, Владата, Собранието и невладиниот сектор во процесот на евроинтеграциите. Република Македонија согласно последниот Извештај на ЕК, е земја со највисока оценка во споредба со другите држави од регионот. Особено е важно дека се поздравува улогата на Владата за ставањето на европската агенда во фокусот на политичката агенда, и особено ефективната координација како резултат на ПДВН. Според г. Спасеновски особено е важно што во Извештајот е констатиран напредок во спроведувањето на реформите во клучните области што претставува резултат на посветеноста на институциите во Република Македонија и потврда дека процесот на евроинтеграција претставува најдобар рецепт за модернизација на македонското општество. Во Извештајот нотирано е дека се преземени чекори за темелна реформа на административната рамка за јавната и државната служба, има значително намалување на заостанатите судски предмети, потенциран е продлабочениот дијалог меѓу Владата и новинарите, се укажува на активното учество на Република Македонија во регионалната соработка, се нагласува одржувањето на широкиот консензус за суштинските реформи во економската политика.

Важно е дека Република Македонија и во иднина треба да посвети внимание на препораките кои се дадени во однос на поглавјата од Извештајот на Европската комисија. Исто така е важно во перидот што следи, да продолжат реформите во правосудството, јавната администрација и понатаму да се развиваат меѓуетничките односи со цел и во наредната година да се добие позитивен извештај од Европската комисија. Со оглед дека Република Македонија оваа година ја доби четвртата препорака по ред од Европската комисија за почеток на пристапните преговори, беше изразена надеж дека препораката ќе се реализира на декемврискиот состанок на Европскиот совет. Особено е важно препораката на ЕК да биде потврдена од земјите-членки на ЕУ за да може земјата да продолжи по евроинтегративниот пат.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија и член на Комисијата за европски прашања и на МПК РМ-ЕУ, **г.Јани Макрадули** ја поздрави препораката на Европската комисија за почеток на преговорите како и враќањето на употребата на придавката "македонски" во Извештајот. Според г.Макрадули, Извештајот на ЕК за 2012 година е објективен и дава реален приказ на состојбата во Република Македонија, но беше искажано несогласување со претходно изнесените констатации дека Извештајот е

најпозитивен во однос на претходните извештаи. Според г.Макрадули, Пристапниот дијалог на високо ниво е измислен поради Владата и истиот не смее да биде долгорочен проект.

Во однос на јавната администрација се бара квалитативен пристап во решавањето на вработувањата, фер критериуми за вработување и распределување на работните места. Во однос на судството, постои селективен пристап во судските одлуки, околу 30 судии кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители, и од 2009 година сеуште не се вклучени во судскиот систем. Корупцијата во јавните набавки останува сериозен проблем, истата останува широко распространета во многу области. Во Извештајот е нотирано дека најголема област која опаѓа е информатичката област. Во однос на образованието, нотирано е дека вложувањата се нецелисходни и дека не е остварен посакуваниот ефект. Потребен е внатрешен дијалог за измена на решението од членот 11 од Предлог-законот за граѓанска одговорност на навреда и клевета. Во областа на земјоделството, нотиран е намален индекс на обемот на производство на земјоделски стоки и услуги, намалено производство на култури. Во однос на измените на Изборниот законик, г.Макрадули укажа дека не е прифатен ниту еден амандман од препораките на ОБСЕ и ОДИХР. Беше поставено прашање - кој е ставот на Владата за Меморандумот доставен од страна на Грција и што претставува препораката на ЕК, спорот да се реши во рана фаза од преговорите.

Потпретседателот на МПК РМ-ЕУ, член на Комисијата за надворешна политика и заменик член на НСЕИ г-ѓа **Ермира Мехмети** во дискусијата изнесе дека Извештајот говори за еден процес кој има крајна цел Република Македонија да се европеизира и осовремени како држава со функционална демократија. Повика да се направи чекор во правец на симболична врска меѓу Европската идеја за мирот и помирувањето и она што се настојува да се гради во нашата држава.

Во изминатите десет години Република Македонија се обидува да воспостави нормални односи меѓу заедниците и политички дијалог. Вредностите на Европа не се транспонираат во законодавството, истите повеќе реферираат на помирување, консензус, компромис и за заедничка иднина. Делот од Извештајот на ЕК што се однесува на Собранието и политичкиот дијалот, несомнено е дека се говори за дијалог меѓу етничките заедници што подразбира воспоставување на внатрешна етничка кохезија. Беше искажано задоволство за нотираниот напредок и објективниот пристап за достигнувањата во воспоставувањето на функционалниот дијалог меѓу етничките заедници, како и за имплементацијата на амандманите во однос на Законот за употребата на јазиците.

Во Извештајот на ЕК нотиран е напредок и се поздравува работата на Комитетот за односи меѓу заедниците. Госпоѓа Мехмети се осврна на делот од Извештајот на ЕК, кој се однесува на предлог законот за посебни права за припадниците на безбедносните сили и препораката да се најде решение кое ги задоволува сите страни и ќе послужи за помирувањето врз основа на извештајот за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Во ова насока потребна е поголема соработка и инвестирање во градењето на политичкиот дијалог. Според г-ѓа Мехмети, Европа што сакаме да ја изградиме во нашиот микрокосмос е Европа на диверзитети и помирувања, која се гради врз една заедничка основа. Европа кон којашто ние претендираме и сакаме да ја пренесеме во нашиот менталитет, култура и општество не признава решенија, кои што се исклучувачки.

Членот на Комисијата за европски прашања, член на МПК РМ-ЕУ и заменик-член на НСЕИ г.**Зијадин Села**, го поздрави Извештајот на ЕК и истиот го оцени како реален. Изнесе мислење дека дипломатскиот говор кој е користен во Извештајот за 2012 година го гледа

како знак на добра волја од страна на Европската унија кон Република Македонија. Нагласи дека треба да се упати благодарност до ЕУ за пристапот што го има кон граѓаните на Република Македонија. Европската унија сака државата да биде дел од Унијата и дека добронамерните апели наидуваат на "глуво уво" од страна на Владата. Беше изнесена забелешка дека како пратеник го нема добиено извештајот за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Според г.Села, Владата ќе добива многу негативни оценки поради отстапката од европската агенда. За меѓуетничките односи и статусот на албанската заедница во Република Македонија, г. Села изнесе мислење дека не се добри, а судските постапки ги оцени како селективни.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции, **г.Тито Петковски** изнесе дека Извештајот на Европската комисија за 2012 година силно ги охрабрува македонските амбиции за евроинтеграцијата. Најсуштински дел од Извештајот е предлогот на Брисел, преговорите за членство во ЕУ и проблемот со името да се водат истовремено. Предлогот претставува многу добра шанса и треба добро да се искористи, но притоа изрази сомнеж дали истата ќе биде валоризирана поради ограничената рамка во раната фаза од преговорите, во која треба да се реши прашањето со името. Во Извештајот за прв пат се споменува и прашањето за добрososетските односи, во оваа насока беше укажано дека е потребно за отворените прашања да се разговара. Господин Петковски се согласи дека прашањето за внатрешна етничка кохезија е многу важно, при што укажа дека во Владата треба да постои кохезија за фундаментални прашања.

Членот на Комисијата за европски прашања и заменик-член на МПК РМ-ЕУ **г. Павле Трајанов** истакна дека Извештајот на Европската комисија е објективен ги одразува реалните состојби и истовремено ги нагласува предизвиците со кои државата ќе се соочува. Според. г. Трајанов, јасно е дека во декември годинава Република Македонија ќе се соочи со исклучително сложена задача која ќе биде голема одговорност за граѓаните, институциите, невладиниот сектор, медиумите, но посебно ќе биде голема одговорноста на Владата и Собранието. Во оваа насока треба да се води конструктивна дебата со цел да продолжат позитивните процеси во однос на евроинтеграцијата.

Во однос за надминувањето на прашањето за името во раната фаза од пристапните преговори со ЕУ, г.Трајанов укажа дека е потребно да произлезат предлози и идеи. Во оваа насока потсети дека во 1999 година Демократскиот сојуз предложил стратегија за фазно решавање на спорот, во која меѓудругото имало предлог да се постигне договор меѓу Република Македонија и Република Грција за неменување на границите како и да се постигне договор за демонополизација на поимот Македонија. Според г.Трајанов овие два конкретни предлози треба да се разгледаат сериозно и да се искористат како аргументи за декемврискот самит со цел да се надмине можната блокада од страна на Република Грција.

Во однос на препораките од Извештајот на ЕК, треба да продолжат напорите за владеење на правото, зајакнување на институциите, да продолжи борбата против организираниот криминал и корупцијата, да се донесе програма за создавање на услови за отварање на нови работни места и да се одржуваат добрососедски односи.

Пратеникот во Собранието на Република Македонија **г.Изет Зеќири** го поздрави објавувањето на Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година при што изнесе дека истиот претставува една сеопфатна анализа на реални и објективни оценки за степенот на напредок на државата. Во Извештајот е нотирана потребата за адресирање на

препораките од ОБСЕ-ОДИХР во изборното законодавство. Според г.Зеќири не се земени во предвид овие препораки, потребно е подобрување во прочистувањето на избирачкиот список, одвојување на државата од политичките партии како и споведување на правилата за финансирање на политичките партии. Потребно е забрзување на процесот на децентрализација особено да се зајакне финансиската одржливост на општините и капацитетот на Министерството за локална самоуправа како одговорна институција за процесот на децентрализација.

Во Извештајот на ЕК нотирани се забелешки во делот на јавната администрација, во однос на правичната застапеност на припадниците на немнозинските заедници не се почитуваат критериумите за вработување во јавната и државната администрација. Господин Зеќири укажа дека нотирани се забелешки кај обуката на полициските службеници, при што во дискусијата укажа дека е потребен независен и надзорен механизам за спроведување на законите.

Беше поздравен пристапот на ЕК во Извештајот, во однос на решавањето на прашањето и третманот на учесниците од конфликтот во 2001 година. Во извештаите на ЕК за 2011 и 2012 година, во делот на човековите права и слободи нотирано е дека нема напредок во ратификувањето на Европската повелба за регионални или малцински јазици. Многу од забелешките што биле нотирани во Извештајот за 2011 година се повторуваат и во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции, претставник на кабинетот на Претседателот на Република Македонија, **г. Димитар Мирчев** го поздрави објавувањето на Извештајот на ЕК за 2012 година, при што укажа дека позитивно е оценета работата на НСЕИ, како и Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор. Во дискусијата беа истакнати три важни придобивки од Извештајот: како *прво*-нотиран е напредок, *второ*-се враќа употребата на придавката "македонски" во Извештајот и *трето*-Извештајот претставува посебен механизам кој може да го олесни процесот на донесување на одлука за доделување на датум за почеток на пристапните преговори. Господинот Мирчев укажа дека четирите последователни извештаи на ЕК се позитивни за Република Македонија. Беше даден предлог Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања до крајот на годината да се фокусираат на нината работа со цел да се потврдат и зајакнат оценките од Извештајот на ЕК. Имајќи ја предвид констатацијата за мала застапеност на граѓанскиот сектор од регионот во процесот на интеграцијата во ЕУ, потребно е да се зајакне неговата позиција. Процесот за соработката во ЈИЕ претставува добра можност за подобрување на климата на добрососедските односи и придобивка за целиот регион.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции, претставник на Здружението на новинарите на Македонија, **г.Насер Селмани** го поздрави Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2012 година. Од страна на Здружението била дадена поддршка на Предлог-законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, оценето е дека претставува чекор напред. Беше побарано од Владата и Собранието на Република Македонија сериозно да ги разгледаат забелешките и предлозите на граѓанскиот сектор изнесени на јавната расправа со цел да се подобрат решенијата од Предлог-законот. Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета мора да биде во согласност со стандардите на Советот на Европа и принципите на Европскиот суд за човекови права. Беше поздравен политичкиот консензус во Собранието за потребата за декриминализацијата на клеветата и

во овој дух треба да се разгледаат сите забелешки по Предлог-законот, бидејќи од заеднички интерес е да се донесе квалитетен закон.

Членот на Комисијата за надворешна политика и заменик член на Комисијата за европски прашања и на МПК РМ-ЕУ, **г-ѓа Лилјана Поповска** го поздрави објавувањето на Ивештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2012 година, при што потенцираше дека нотиран е постигнат напредок во речиси сите области и значајно е што се се враќа употребата на придавката "македонски". Во Извештајот нотирано е дека Република Македонија има добри односи со соседите и со другите земји од регионот, што претставува доволна причина државата на декемврискиот самит да добие датум за преговори со ЕУ. Во дискусија г-ѓа Поповска се осврна на три значајни области: животната средина и климатските промени, борбата против дискриминацијата и родовата рамноправност. Беше укажано на потребата за поголем напредок во имплементацијата на законодавството од областа на животната средина и за вложување на дополнителни средства; зајакнување на капацитетот на Комисијата за заштита од дискриминација и целосно усогласување на законот со acquis. За делот од Извештајот на ЕК што се однесува на жените и родовата рамноправност, г-ѓа Поповска изрази несогласување. Жените во Република Македонија се значаен фактор во општеството, значајно учествуваат во процесот на донесување на одлуки, нивната застапеност во политиката над 32% е далеку поголема од просекот и од некои европски држави. Беше искажана забелешка заради отсуството во Извештајот на Европската комисија, на остварената улога и придонесот на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените.

Директорот на Институтот за европска политика **г-ѓа Малинка Ристевска-Јорданова** изнесе дека задача на Институтот е да размислуваат како ќе изгледа следниот Извештај на ЕК. Најоптимистичка варијанта е дека на крајот од следната година ќе заврши процесот на скрининг, да се реши прашање за името и реално би започнале преговорите. Во однос на Извештајот за 2012 година, од страна на Институтот се гледа како на кредит без грејс период. Доколку Република Македонија сака да има силна позиција во преговорите за членство и во прашањето за спорот за името, мора да постои внатрешен консензус и за двете прашања.

Извршниот директор на Македонски центар за европско образование **г-ѓа Лидија Димова** информираше дека е подготвена компаративна анализа на годишните извештаи за напредокот на Република Македонија, при што укажа дека исти проблеми се повторуваат во изминатите четири години. Извештајот на ЕК е позитивен бидејќи повторно е дадена препорака за почеток на преговорите, но од друга страна се повторуваат исти забелешки. Доколку во декември се добие датум за преговори најпрво треба да се направи анализа за поглавјата што први ќе се отворат и каде реално е можно да се очекува од ЕК да се постават услови за отворање на поглавјата. Потребно е да сериозно да се пристапи во формирањето на преговарачки тимови за поглавјата од преговорите. Според г-ѓа Димова во државата тешко се гради консензус за некое прашање при што укажа на потребата уште сега да се отвори дебата за главниот преговарач и неговата улога во процесот. Доколку во декември годинава се добие датум за преговори ќе биде потребно да се подготват 33 преговарачки позиции. Беше укажано на искуството на Република Хрватска, во процесот на преговарање било вклучено целокупното општество, администрацијата, експертите, граѓанскиот сектор, академската јавност, при што беше препорачано дека и во Република Македонија да се искористат сите капацитети кои можат да придонесат во процесот.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции, член на Комисијата за надворешна политика и заменик-член на Комисијата за европски прашања **г-ѓа Мерал Узеири-Ферати** во однос на Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2012 година, истакна дека претставува гест на добра волја за одржување на оптимизмот кај граѓаните и охрабрување дека сеуште постои добра волја за доделување на членство во ЕУ. Меѓуетничките односи, невработеноста, корупцијата и други прашања се реални и истите се нотирани во Извештајот на ЕК. Според г-ѓа Узеири-Ферати, одредени настани во изминатата година покажуваат дека недостасува кохезија во повеќе области, во спортот, културата. Од наведените причини беше порачано сериозно да се пристапи кон Извештајот на ЕК и да се анализираат препораките. Беше искажана благодарност за целокупната поддршка на институциите на Европската унија поради фактот дека за граѓаните отворени се можностите за членство во Унијата.

Претставникот на Националниот совет за евроинтеграции, од Стопанската комора на Македонија, **г.Антони Пешев** истакна дека Европската унија претставува најголем економски партнер на Република Македонија. Извештајот на ЕК за напредокот за 2012, силно е поддржан од Стопанската комора на Македонија, особено е важно што во делот на економијата државата нема бариери, може слободно да соработува со Унијата. Според г. Пешев, во моментот добро се држиме до европските стандарди, има пад на БНП за 1,4% за I квартал и 0,9% во II квартал, проценките на Светска банка и ММФ се дека растот на БНП ќе изнесува до 1%, што во услови на европска финансиска криза Германија ќе има раст помал од 1%. На Република Македонија покрај силната заложба за интеграција во ЕУ и претстои покомплицирана задача, а тоа е како да се преживее во услови на рецесија.

Заменик-членот на МПК РМ-ЕУ, **г.Самка Ибраимовски** во дискусијата се осврна на делот од Извештајот на ЕК за 2012 година, кој се однесува на човековите права и правата на малцинствата, посебно на припадниците на ромската заедница во Република Македонија. Во извештаите на ЕК континуирано се укажува за проблемите кај Ромската заедница. Според Извештајот на ЕК за напредокот во 2012 година: воспоставен е механизам за превенција и заштита од дискриминација но не е целосно оперативен, значајно треба да се подобри административниот капацитет, да се подобри имплементацијата на правната рамка за заштита на правата на малцинствата, Ромите и понатаму остануваат во нерамноправна положба во целиот регион. Во областа на економските и социјалните права забележано е дека дискриминаторските обичаи и стереотипи се широко распространети, пристапот до образованието на помалите етнички заедници останува нееднаков. Во однос на правичната застапеност, некои од помалите заедници особено Ромите остануваат и понатаму незастапени. Во областа на социјалната политика, имплементацијата на националните акциски планови за вклученост на Ромите е многу бавна. Во дискусијата беше укажано дека ромската заедница е најсиромашна и најзагрозена група на луѓе во Република Македонија. Потребно е да се иплементацијата на стратегијата и Декадата на Ромите.

По повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, Националниот совет за евроинтеграции **"едногласно"** и Комисијата за европски прашања **со седум гласа "за" и еден глас "воздржан"** на заедничката седница одржана на 16 октомври 2012 година, ги донесоа следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. "Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнуваат дека препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2012-2013, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот.

2. Советот и Комисијата сметаат дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2012 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за превземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти.

3. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат силната посветеност, континуираната поддршка и безрезервниот ангажман на Европската комисија, во процесот на европската интеграција на Република Македонија.

4. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања констатираат дека воспоставувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво претставува важна платформа со која се интензивираше реформскиот процес за пристапување кон Европската унија, за реализација на приоритетите, зајакнување на довербата и за приближување на европската перспектива на Република Македонија.

   Советот и Комисијата го поздравуваат постигнатиот напредок во приоритетните области дефинирани во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво и истовремено укажуваат на потребата за задржување на реформскиот моментум особено за да се обезбеди спроведување на реформите во клучните области.

5. Советот и Комисијата констатираат дека преминувањето на пристапниот процес за Република Македонија во следна фаза од европската интеграција ќе биде придобивка за натамошно зајакнување на реформите и меѓуетничките односи, зајакнување на кредибилитетот на Европската унија како и охрабрување на реформските напори во целиот регион.

   Во оваа насока и согласно досегашните четири препораки на Европската комисија, се повикува Европскиот совет да донесе одлука за почеток на пристапните преговори со Република Македонија.

6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение во врска со разликите за името, под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес.

Особено се цени новиот моментум според кој одлуката на Европскиот совет за почеток на пристапни преговори ќе придонесе за создавање на поволни услови за изнаоѓање на такво решение и подоготвеноста на Европската комисија да презентира без одлагање преговарачка рамка во која исто така ќе биде земена предвид потребата да се реши прашањето за разликите околу името во раната фаза од пристапните преговори.

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања укажувајќи дека иако билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми, ја нагласуваат потребата за натамошно одржување на македонско-грчкиот дијалог.

Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции како тело кое што го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение.

7. Советот и Комисијата го поздравуваат враќањето на употребата на придавката "македонски" во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, што е согласно принципот на почитување на европските различности и во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија како и согласно званичната терминологија на Обединетите нации.

8. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја истакнуваат потребата од одржување на моментумот во однос на идните предизвици од Охридскиот рамковен договор, кој останува клучен за развој на демократијата и владеење на правото во земјата.

   Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во иднина треба да послужи како алатка за унапредување на дијалогот меѓу заедниците.

9. Советот и Комисијата се залагаат, надлежните субјекти со сета одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012, со цел превземање на обврските од претпристапните преговори.

   Во оваа насока, Советот и Комисијата предлагаат Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, со носители и рокови за реализација.

10. Советот и Комисијата ги повикуваат земјите-членки на ЕУ согласно повторениот предлог на Европската комисија, без одложување да одобрат преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна.

11. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2012 година, Националниот совет и Комисијата укажуваат на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот.

12. Советот и Комисијата ја нагласуваат потребата за продолжување на регионалната соработка на Република Македонија, на соработката со земјите-членки на ЕУ што нè поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и континуирано одржување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

    Советот и Комисијата ја нагласува важноста од продолжување на учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи за соработка, вклучително Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка и Централноевропскиот договор за слободна трговија.

13. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот и Комисијата укажуваат на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, зголемување на промоцијата на евроинтеграцијата на локално ниво, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори.

14. Советот и Комисијата истакнуваат дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.

15. Советот и Комисијата ќе продолжат и во иднина ангажирано и континурано да ја остваруваат улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

16. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања од расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

17. Заклучоците на Советот и Комисијата да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност".

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања заврши во 13.55 часот.

Составен дел на записникот од заедничката седница е списокот на присутни членови, заменици-членови и претставници на Националниот совет за евроинтеграции.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Радмила Шекеринска**

30-2597/1
26.06.2013

Раководител на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска